**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Слободанка Колоска**
**именуван за подрачјето на**
**основните судови**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**izvrsitel.koloska@gmail.com**
**тел. 046/256-420;070/359-383**

**Образец бр.66**

**И.бр.470/16**

Извршителот **Слободанка Колоска** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **НЛБ банка АД Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030993191133 и седиште на ул.Мајка Тереза бр.1,Скопје преку полномошник адв.Милена Велјаноска Стоиловска од Скопје, засновано на извршната исправа Решение УПДР.бр.220/16 од 24.03.2016 на Нотар Сашо Ѓурчиноски Струга, против солидарните должници **Нуртен Винца** од Струга со живеалиште на с.Велешта,Струга и **Шукри Винца** со живеалиште во с.Велешта,Струга за спроведување на извршување во вредност 143.415,00 ден., на ден 21.11.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста како нива, запишана во **лист Б од имотен лист бр.1107 за КО Велешта-Вонград при АКН-ОКН Струга**,со следните ознаки:

*- КП.бр.1579, викано место Зелинца, култура зз/н, класа 3, површина од 1100м2,*
сопственост на солидарниот должник **Шукри Винца**.

Продажбата ќе се одржи на ден **12.12.2024 година во 13:30 часот** во просториите на Извршител Слободанка Колоска во Охрид .

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок на извршителот И.бр.470/16 од 06.11.2023г., а намалена за 1/3 согласно чл.185 став 2 од ЗИ, по предлог на доверителот од 21.11.2024 год., изнесува: **676.500,00 денари** под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености : Налог за извршување врз недвижност И.бр.470/16 од 05.08.2016г. на Извршител Иван Митаноски Охрид, Налог кај пристапување кон недвижност И.бр.109/16 од 06.06.2017г. на Извршител Иван Митаноски Охрид, Налог кај пристапување кон недвижност И.бр.253/16 од 30.08.2023г. на Извршител Слободанка Колоска Охрид.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно 67.650,00ден.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210073986200278 која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5020019504637 со цел на дознака гаранција по И.бр.470/16.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во **рок од 15 дена од денот на продажбата**, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Даноците и другите издатоци во врска со продажбата на недвижностите паѓаат на товар на купувачот.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање „Нова Македонија“ и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Слободанка Колоска

Д.-на: Доверители, Должник, Соседи, Државно
Правобранителство на РСМ-Струга,Општина Струга
- Одделение за наплата на даноци,такси и други надоместоци
и УЈП на РСМ, ПЕ Струга .

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.